**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-459/5**

**Скопје, 14.07.2006 година**

## ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ПРИЛЕП

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп сметка за приходи од самофинасирачки активности за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп сметка за приходи од самофинасирачки активносит за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   Живко Сиљаноски, вршител на должност директор сметано од 07.04.2003 год.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 29.05.2006 до 26.06.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп - Сметка за самофинасирачки активности под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп - Сметка за самофинасирачки активности е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

12. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп во текот на ревизијата**

    12.1. Во периодот на вршење на ревизијата заради реално и објективно прикажување на направените расходи по основ на набавка на материјални средства во износ од 146 илјади денари и правилно пресметана амотизација на истите од 14 илјади денари извршена е корекција од страна на ревизијата и истата е спроведена во сметководствената евиденција од страна на субјектот со налог за книжење бр. 02 од 13.06.2006 година. По спроведената исправка е променет и финансискиот резултат во Билансот на приходи и расходи за 2005 година.

**Препорака:**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп да ги префрли новонабавените средства од сметката за самофинансирачки активности на сметката од редовно работење, и со истите да ги задолжи лицата кои ракуваат со нив.

**Скопје, 14. 07. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Капитални приходи | 173 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **173** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 27 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **27** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 146 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **146** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **173** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 130 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **130** | **0** |
| **Вкупна актива** | **130** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 130 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **130** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **130** | **0** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** |
| | |
| **Зголемување по основ на:** | **146** |
| Набавки | 146 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| | |
| **Намалување по основ на:** | **16** |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | 16 |
| | |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **130** |